**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото) и Предлогот на Одборот на директори за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2017 година (арх. бр. 158354/1 од 13.03.2018 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 16.04.2018 година ја донесе следната

# Предлог Одлука

## за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2017 година

### Член 1

Собранието на Друштвото ја распоредува нето добивката, остварена по Финансиските извештаи на Друштвото за 2017 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Македонија" во износ од 1.584.850.714,00 денари (една милијарда петстотини осумдесет и четири милиони осумстотини педесет илјади и седумстотини четиринаесет денари) за исплата на бруто дивиденда во која се вклучени сите даноци, доколку е применливо, и кои ќе бидат задржани и платени од бруто дивидендата согласно важечката даночна регулатива во Република Македонија на датумот на исплата.

### Член 2

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**